Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 3 и 5 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 21.05.2019 година, донесе

# ОДЛУКА

**За давање на управување и користење на изведена градба на објект-систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува давање на управување и користење на изведена градба на објект – Систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на Гевгелија, од општина Гевгелија на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, како давател на услуги.

**Вкупната вредност на изградениот објект - систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на Гевгелија изнесува 109.466.709,оо денари.**

**Член 2**

Со предавањето на овој објект на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, се предава и основниот проект за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на Гевгелија со технички бр. 612-09-14, изработен од Градежниот институт "Македонија" - А.Д. Скопје.

**Член 3**

За примопредавањето на изведената градба на објектот - систем за обезбедување на дополнителни количини за дополнително водоснабдување на Гевгелија, ќе се формира Комисија од претставници од ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и општина Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-873/1
21.05.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
**Ташко Дојчинов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА